**Златка Митева, флејта**
по завршувањето на Средното музичко училиште во Штип, каде завршува инструмент флејта, го продолжува своето образование на Националната Музичка Академија „Панчо Владигеров“ во Софија, кај проф. Лидија Ошавкова, каде дипломира и магистрира во 2005 година како музичар изведувач. Својот музички профил го усовршува на многубројни семинари и мајсторски класови кај еминентни флејтисти како Патрик Гала, Жерард Бургоњ, Андраш Адорјан, Марина Новак, Клаудио Ферани и др. Носителка е на неколку музички награди меѓу кои се издвојуваат: Прва и Втора награда од државниот музички натпревар во Македонија по камерна музика во 1997 година, Лауреат на меѓународниот натпревар „Петар Коњович“ во Белград во 1998 година и добитник на специјална награда по камерна музика на меѓународниот натпревар „Земјата и луѓето“ во Софија, Бугарија во 2002 година.
Златка Митева има бројни настапи на музички фестивали во земјата и странство: Концерт со Македонската Филхармонија во Скопје во 1998 година, Концерт со Академскиот симфоничен оркестар во Софија, Бугарија во 2002 година, Концертен настап на „Мајски денови“ во Русе, Бугарија, Солист на фестивалот „Бахови вечери“ во Софија, Бугарија, Концерти на Штипско културно лето, Интерфест Битола, Концерти со квартет “Flautissimo” на музичкиот фестивал „Аполонија“ и Европскиот музички фестивал во Софија и Варна Бугарија, Концерт со дуо Митева – Трајкова во Софија, Бугарија и Штипско Лето, учество на 9-от Флејтов фестивал во Загорје об Сави, Словенија, учество на 15-та Флејтова конвенција “FLAUTISSIMO” во Рим, Италија, Концерти со ТРИО АКАДЕМИКО во црквата Света Софија во Охрид, на Штипско културно лето, Скопско лето, концерти во Куманово, Велес, Кочани, Струмица и Битола.
Златка Митева е член на камерниот состав ТРИО АКАДЕМИКО и заедно со овој состав остварува успешна музичка кариера.
Во моментон Златка Митева е доцент по флејта на Музичката академија на Државниот универзитет „Гоце делчев“ во Штип.

**Бранко Павловски, кларинет**
дипломирал и магистрирал на УКИМ, Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф. И Кочаров. Се усовршувал на постдипломски студии на Државната музичка академија во Софија, во класата на П. Радев, Академијата за музички уметности во Прага, кај Ш. Коутњик, Националниот Конзерваториум во Версај, кај Ф. Купер, Националниот Конзерваториум во Вил д’ Аврej – Париз, кај Д. Видал. Павловски завршил докторски студии на Факултетот за музичка уметност на Државниот универзитет во Луизијана, Батон Руж, САД, во класата на Р. Дилутис, каде работел како асистент по кларинет се до 2011 година. Во моментот е доцент на Факултетот за музички уметности на УГД во Штип.
Павловски бил лауреат на повеќе државни и меѓународни натпревари по музика и има добиено повеќе награди и признанија. Како солист и камерен музичар, Павловски настапувал на повеќе фестивали и манифестации во САД, Франција, Англија, Чешка, Полска, Италија, Бугарија, Србија, Македонија. Павловски работел во Воениот оркестар на АРМ, а исто така соработувал со Македонската филхармонија, Прага Моцарт оркестарот, Ансамблот за Современа Музика на Националниот Конзерваториум во Версај, Батон Руж Симфонискиот оркестар, Акадиана Симфонискиот Оркестар, Опера Луизиана.

**Наташа Трбојевиќ, пијано**
средното музичко образование го завршува во класата по пијано на проф. Санда Бикова. Дипломира на ФМУ при УКИМ во Скопје во класата по пијано кај проф. Л. Пиперковска. Магистрирала во класата на Е. Елезовиќ. Има посетувано семинари кај познати педагози по пијано (Д. Трбојевиќ, Т. Тимакин, Б. Романов, Ј. Михајловиќ). За време на образованието добитник е на повеќе награди. Од 1988 до 2008 работи како професор и корепетитор по пијано во ДМУЦ Сергеј Михајлов во Штип. Нејзини ученици освојуваа многубројни награди на државните и меѓународните натпревари (Скопје, Белград, Приштина, Херцег Нови, Љубљана). Член е на комисијата по пијано на Државниот натпревар за млади музичари од 2005-2008. Од 2008 работи како уметнички соработник по пијано на ФМУ на УГД Штип. Настапувала на солистички концерти и како член на камерни состави организирани од страна на ФМУ, Штипско културно лето, Министерството за култура на РМ, МММ.